Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
INSTITUCIONI NACIONAL
МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Бр. / Nr. 02-374/1
07.04.26 год./viti
Скопје / Shkup

Врз основа на член 77-а став 1 и 2, 77-б, 77-г и 77-д од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/24 и 132/25), согласно со Колективниот договор за културата, Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување на даватели на јавни услуги во Националната установа Македонски народен театар Скопје бр.04-150 од 22.02.2021 година и Известувањето за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии на РСМ, под бр. 19-1954/2 и 19-2723/2 од 27.3.2026 година и Одлуката за објавување на Јавен оглас бр. 04-373/1 од 07.04.2026 година, директорот на НУ Македонски народен театар Скопје на ден 08.04.2026 година објавува

ЈАВЕН ОГЛАС
за вработување на неопределено време број 02-374/1

НУ Македонски народен театар Скопје, има потреба од вработување на неопределено време на давател на јавни услуги:

- **Академски вајар - асистент** (КУЛ 03 04 Б02 006) - 1 извршител, да има ниво на образование минимум 240 ЕКТС ликовна уметност.
-Работно искуство: минимум една година работно искуство во струката.
Основна нето-плата 60.659,00 денари.

- **Соработник за литературна дејност - лектор** (КУЛ 03 04 Г03 002) - 1 извршител, да има најмалку средно гимназиско образование/високо - 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен наука за книжевноста и да поседува лекторска лиценца.
-Работно искуство: со и без работно искуство во струката.
Основна нето-плата 46.493,00 денари.

- **Соработник за драмска дејност** (КУЛ 03 04 Г03 003) - 1 извршител, да има општо средно образование или високо образование со најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС .
-Работно искуство: со и без работно искуство во струката.
Основна нето-плата 46.493,00 денари.

Пријавата за огласот кандидатите може да ја преземат од веб-страницата на Театарот www.mnt.mk или да се подигне од архивата секој работен ден.

Кандидатите кон пријавата треба да приложат докази за исполнетост на општите услови за вработување и тоа:

-копија заверена на нотар или оригинално уверение за државјанство на Република Северна Македонија;
- да е полнолетен- на увид копија од лична карта;
-да има општа здравствена способност за работното место, оригинален документ не постар од 6 месеци,
- доказ за работно искуство и
- да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност, оригинален документ не постар од 6 месеци.

Покрај докази за исполнетост на општите услови за вработување, кандидатот треба да достави и докази за исполнетост на посебните услови за вработување, и тоа:

- диплома/ уверение за завршено образование, оригинал или копија заверена на нотар;

- кратка биографија.

Распоред на работното време за работното место **Академски вајар - асистент** се распределува согласно со програмските потреби за проби и претстави, од 08:30 до 16:30 часот, односно 40 часа неделно.

Распоред на работното време за работното место **Соработник за литературна дејност** се распределува согласно со програмските потреби за проби и претстави, од 08:30 до 16:30 часот, односно 40 часа неделно.

Распоред на работното време за работното место **Соработник за драмска дејност** се распределува согласно со програмските потреби за проби и претстави, од 08:30 до 16:30 часот, односно 40 часа неделно.

Јавниот оглас трае 15 дена од денот на објавувањето во дневниот печат.

Пријавите со потребните документи да се достават до архивата на Театарот на адреса: НУ МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР СКОПЈЕ, ул. „11 Март“ бр.3, 1000 Скопје, секој работен ден, во периодот од 9:00 до 14:00 часот.

Пријавените кандидати со валидни и комплетни документи ќе се известат за одржувањето на интервјуто. Изборот ќе се изврши во рокот согласно со законските прописи и општи правни акти на Театарот.

НУ Македонски народен театар

Директор

Никола Кимовски